С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 15 година XLIV

29 октомври 2008

242.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/2
29.10.2008 година
Аце Коцевски с.р.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
В е л е с

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука на Здружението на педагози и психолози од Велес му се дава право на времено користење на просторија во објект што се наоѓа на КП 6645 на ул. „Тодор Јанев“, заведен на ИЛ бр.25069 за КО Велес, сопственост на Општина Велес.

Член 2

Здружението на педагози и психолози од Велес просторијата во објектот утврден во член 1 на оваа Одлука ќе ја користат за отворање на СОС линија, со цел да се задоволат потребите за испорачување на овој вид услуги кон граѓаните.

Член 3

Објектот од КП 6645 го користи урбаната заедница „9-ти Ноември“.

Начинот на користење на просторијата во објектот (денот, часот и другите услови) Здружението на педагози и психолози од Велес и Урбаната заедница 9-ти Ноември ќе го регулираат со посебен договор.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5247/5
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

243.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за превземање на основачките права на Ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес

Се објавува Одлуката за превземање на основачките права на Ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/3
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
Аце Коцевски с.р.
на Општина Велес,

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 85 и 86 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на РМ“бр.52/05 и 117/08) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе;

О Д Л У К А
за превземање на основачките права на ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши превземање на основачките права и обврски на ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес.

Член 2

Ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес по превземањето, продолжува со работа како општински ученички дом.

Член 3

По донесувањето на оваа Одлука, се задолжува директорот да изврши промена во Статутот и промена на уписот како општински училишен дом во Централниот регистар-Велес.

Член 4

Советот на Општина Велес дава согласност на Статутот на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес, откако истиот ќе биде усвоен од Управниот одбор на ОУД „Лазар Лазаревски“ Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/6
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

244.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ и ОССУ „Димитрија Чуповски“

Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ и ОССУ „Димитрија Чуповски“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/4
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

ОДЛУКА
за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ и ОССУ „Димитрија Чуповски“

Член 1

Општина Велес е сопственик на

недвижен имот - објект кој се наоѓа на ул.„Благој Ѓорев“со површина под објект од 3318м2 и двор од 23468м2 , заведен на КП 1886, евидентирани во ИЛ бр. 25825 за КО Велес.

Член 2

Недвижниот имот од член 1 на оваа Одлука кој се состои од:
Зграда 1 - објект со катност Су+Пр+еден кат .
Зграда 2 - објект со катност Су+Пр+два ката .
Зграда 3 - објект со катност Су+Пр.
Зграда 4 - објект со катност Пр, се дава на користење на општинските средни училишта Гимназија „Кочо Рацин“ и „Димитрија Чуповски“ на начин како следи:
I Зграда 1 - објект со Су+Пр+еден кат.
1. Просториите од зграда 1 и тоа -катот од објект 1 ќе го користи исклучиво ОССУ „Димитрие Чуповски“, а распоредот на просториите на катот е со централно поставен ходник и простории од двете страни со следните содржини:

-од десната страна се поставени:
Просторија за домаќин
Канцеларија за секретарка
Канцеларија за директор
Наставничка канцеларија (ходник, предпростор за санитарен чвор, машки и женски санитарен чвор, наставничка канцеларија – две простории)
Просторија за родители
Канцеларија за педагог
Скалишен простор
Санитарен чвор за професори
Машки санитарен чвор
Женски санитарен чвор
-од левата страна се следните содржини:
Разглас
Лабораторија (кабинет на квали лабораторија)
Квали лабораторија
Училница кабинет по анатомија
Лабораторија
Кариерен центар
Кванти лабораторија
Голема сала
Кабинет по информатика

2. Приземјето на објект 1 и распоредот на просториите во приземјето е со централно поставен ходник и простории од двете страни со следните содржини:

-од десната страна се поставени:
Просторија за дежурни ученици
Канцеларија на психолог
Педагог
Ходник
Училница (т.н.шинобус)
кабинет за нега на болен
училница
магацин
скалишен простор
женски санитарен чвор
машки санитарен чвор
-од левата страна се следните содржини:
библиотека
училница
кабинет
лабораторија
лабораторија
кабинет
лабораторија за фармацевти
кабинет-училница
техничка сала
електро-лабораторија

Простории од приземјето кои ќе ги користи само ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ се :
канцеларија за психолог и
педагог,

Заеднички простории кои ќе ги користат двете ОСУ се:
Техничка сала
Просторија за дежурни ученици
Училница (т.н.шинобус)
Училница (веднаш до кабинетот за нега на болен)
Просторијата за храна на ученици и санитарниот чвор.

Останатите простории од приземјето ќе го користи ОСУ „Димитрија Чуповски“.

3. Распоредот на просториите во сутеренот од зграда 1 е со централно поставен ходник и простории од двете страни. Извршено е преградување на сутеренот во делот каде е поставена трафостаницата. Па така до одреден број на простории има пристап од едната страна, а до одреден број на простории пристапот е од објектот 3. Сутеренот е со следните содржини:

-од десната страна се поставени:
магацин за стакло (стакларска работилница)
магацин
магацин за хемикалии
скалишен простор
женски санитарен чвор (не е во функција)
машки санитарен чвор (не е во функција)
-од левата страна се следните содржини:
кабинет по биологија 1
кабинет по биологија 2
кабинет по хемија
кабинет по физика
кабинет по музичко

Просторија од сутеренот на објект 1 што ќе биде користена заеднички од двете ОСУ е:
кабинет по музичко

Простории од сутеренот на објект 1 што ќе ги користи само ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ се :
кабинет по биологија 1
кабинет по биологија 2
кабинет по хемија

кабинет по физика
магацин за хемикалии
Простории од сутерен на објект 1 што ќе ги користи само ОССУ „Димитрија Чуповски“ се следните:
лабораторија за стакло и
магацин

4.Распоредот на просториите во сутеренот од зграда 1 за влез од другата страна (после трафостаницата) се :
Десно поставени
магацин
магацин за дрва
работилница
Лево поставени
кабинет за пракса
работилница
работилница за текстил

Просторијата
магацин – од десно
ќе ја користи само ОСУ Гимназијата „Кочо Рацин“.

Од овие простории што ќе ги користи само ОССУ „Димитрија Чуповски“ се следните:
магацин за дрва
работилница
кабинет за пракса
работилница
работилница за текстил

II Зграда 2 -објект со катност Су+Пр+два ката.
1.Во сутеренот се сместени:
ходник,
скалишен простор,
котлара,
пристап кон скривница и
работилница за хаусмајстор, овие простории ќе ги користат двете ОСУ.

2.Содржините
кабинетот по физика,
кабинетот по математика,
библиотеката и
магацинот ги користи само ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“.
додека содржината
кабинетот по ликовно ќе го користат двете ОСУ.

3. Приземјето е со ходник и 7 училници од кои првите две ќе ги користи само ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“, а останатите пет училници ќе се користат од двете ОСУ.

4. Првиот кат е со ходник, санитарни чворови и 7 училници.Сите 7 училници ги користат двете ОСУ.

5. Вториот кат е со ходник, санитарни чворови, 7училници, потоа во холот има една адаптирана училница и просторија за пристап кон кровната конструкција. Сите овие простории ќе се користат од двете ОСУ.

III.Зграда 3 - објект со катност Су+Пр.
1.Во сутеренот се следните содржини:
кабинет за француски јазик и
фитнес сала
Двете простории ќе ги користи ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“.
2.На приземјето се следните содржини:
кабинет
копирница
просторија за директор
секретарка и
наставничка канцеларија
Овие простории ќе ги користи ОСУ Гимназија„Кочо Рацин“.

IV.Зграда 4 - објект со катност Пр
-со следните содржини:
фисклутурна сала
женски санитарен чвор
машки санитарен чвор
кабинет 1
кабинет 2
кабинет 3
заедничка просторија
просторија за реквизити

Сите простории се заеднички со исклучок на кабинет 1 кој го користи само ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“.

Член 3

Општинските средни училишта просториите што ги користат заеднички од објектот (канцеларии, ходници, скали, сали, санитарни чворови и дворот), се должни начинот на одржување да го регулираат со единствен Правилник со кој ќе биде уреден начинот на користење и нивното тековно одржување.

Член 4

Заедничката просторија - сала за спортување и просторија за храна на ученици корисниците можат да ги издаваат само за намената за која се утврдени на правни или физички лица.

Издавањето на овие простории ќе биде на начин и по постапка која ќе се спроведе транспарентно и јавно, за кое издавање ќе биде утврден посебен надоместок.

За издавањето на просторот заеднички ќе одлучува училишниот одбор на двете општински средни училишта.

Прибраните средства од издавањето на просториите ќе се користат строго наменски за тековно одржување на просторот кој се издава.

За временскиот термин на користење на спортската сала, корисниците се должни да водат посебна евиденција и до сопственикот еднаш годишно да доставуваат извештај за начинот на користење и одржување на овие простории.

Член 5

Просториите како кабинети за настава и вежби, корисникот може да ги издава на други правни лица, според намената на кабинетот, за што е потребно да склучи посебен договор, со кој ќе се регулира времето користење, надоместокот и други права и обврски на договорните страни.

За сето ова должен е да го извести сопственикот на објектот.

Член 6

Корисниците на објектот не можат да вршат промени на објектот без претходна согласност на сопственикот.

Член 7

Оваа Одлука ќе биде доставена до надлежниот орган за упис на надвижности, со која ќе се упише правото на користење на објектите од член 2 на оваа Одлука на општинските средни училишта како носителите на корисничкото право на објектот.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5247/7
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

245.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за намена на објект сопственост на Општина Велес – објект во м.в. Моша Пијаде

Се објавува Одлуката за намена на објект сопственост на Општина Велес – објект во м.в. Моша Пијаде, што Советот на Општина Велес ја

донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/5
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година , донесе

О Д Л У К А
за намена на објект сопственост на Општина Велес – објект во м.в. Моша Пијаде

Член 1

Со оваа Одлука се врши намена на објект што се наоѓа на К.П. 16883 заведен на имотен лист бр.23410 за К.О. Велес во м.в. Моша Пијаде сопственост на Општина Велес.

Член 2

Објектот се наменува за работа на управните служби на СВР Велес.

Член 3

Се задолжува Градоначалникот да склучи посебен договор со СВР Велес за начинот на користење на наменетите простории во кој ќе се определи временското користење на просториите.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Олуката за намена на дел од објект сопственост на Општина Велес објект во м.в. Моша Пијаде („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.7/07).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 07-5247/8
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

246.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/8
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 43, став 1, точка 2 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.53/01), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа, ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/11
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

247.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/9
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа, ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5247/12
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

248.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/10
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади за 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5247/13
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

249.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/11
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди

Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5247/14
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

250.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/12
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-5247/15
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

251.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт- програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/13
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/16
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

252.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт -програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/14
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/17
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

253.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година..

Број 08-5305/15
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштита и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштита и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/18
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

254.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/16
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/19
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

255.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа меѓународната соработка за 2009 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/17
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година.

2. Сите забелешки, кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на првата наредна седница.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/20
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

256.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за престанок на мандат на член на Советот на Општина Велес по сила на закон

Се објавува Решението за престанок на мандат на член на Советот на Општина Велес по сила на закон, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5295/1
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 46, став 1, алинеа 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06), асогласно член 57, став 4 од Деловниот на Советот на Општина Велес („Сл гласник на Општина Велес“ бр. 12/07)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 24.10.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес по сила на закон

1.На Никола Нацев, член на Советот на Општина Велес, му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран.

2.Мандатот на членот на Советот му престанува со денот на настапувањето на условот, односно од 24.09.2008 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-5247/4
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

257.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/7
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 18 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96,06/02, 40/03 и 49/06) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Од должноста член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес по негово лично барање се разрешува:

- Александар Бузалков – дипл. економист

2.За член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес се именува:

-Димче Петров –дипл.градежен инженер

3.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/10
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

258.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за спроведениот конкурс за вработување во ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за спроведениот конкурс за вработување во ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 24.10.2008 година.

Број 08-5305/6
29.10.2008 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 24.10.2008 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување Информација за спроведениот конкурс за вработување на ЈКП „Дервен“ Велес

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за спроведениот конкурс за вработување на ЈКП „Дервен“Велес и го донесе следниот заклучок.

2. Огласот за вработување на работници на неопределено време бр. 02-1348 од 09.10.2008 година да се стави во мирување, до донесување на Планот за работа на прпријатието за 2009 година, затоа што предвидениот број на работници не е во согласност со Правилникот за систематизација и организација на работните места на ЈКП „Дервен“, донесен на 09.06.2008 година, како и со Планот за работа на ЈКП „Дервен“ за 2008 година.

3. Овој Заклучок влегува во со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-5247/9
27.10.2008 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

242	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес** **О Д Л У К А за давање на времено користење на просторија во објект сопственост на Општина Велес**	**350**
243	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за превземање на основачките права на Ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес** **О Д Л У К А за превземање на основачките права на ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ Велес**	**351**
244	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ и ОССУ „Димитрија Чуповски“** **ОДЛУКА за давање на користење на недвижен имот сопственост на Општина Велес на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ и ОССУ „Димитрија Чуповски“**	**351**
245	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за намена на објект сопственост на Општина Велес – објект во м.в. Моша Пијаде** **О Д Л У К А за намена на објект сопственост на Општина Велес – објект во м.в. Моша Пијаде**	**354**
246	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2009 година**	**355**
247	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) за 2009 година**	**355**
248	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година**	**356**

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2009 година

249 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година** **356**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2009 година

250 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2009 година** **357**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2009 година

251 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт- програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2009 година** **357**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2009 година

252 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт -програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година** **358**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот за 2009 година

253 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 година** **358**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштита и спасувањето и противпожарната заштита за 2009 годин

254 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година** **359**

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста за 2009 година

255 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа меѓународната соработка за 2009 година** **359**

З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка за 2009 година

256 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за престанок на мандат на член на Советот на Општина Велес по сила на закон** **360**

Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на член на Советот на Општина Велес по сила на закон

257 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес** **361**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес

258 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за спроведениот конкурс за вработување во ЈКП „Дервен“ Велес** **362**

З А К Л У Ч О К за разгледување Информација за спроведениот конкурс за вработување на ЈКП „Дервен“ Велес

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00